







ДУЖЕН БРАН

ОСУ „Св. Климент Охридски“

ОСУ „Св. Климент Охридски“

Гласило на ОСУ „Св. Климент Охридски“

ЈУЖЕН БРАН

Книжевен додаток

Покренувач и прв уредник

Живко Чинго

Охрид
Декември 2023

Издавач: ОСУ „Св. Климент Охридски

За издавачот: директор Светлана Велкоска

Главен уредник: Светлана Огненова

Редакциски одбор: Членовите на новинарскиот клуб

Дизајн и техничка обработка: Евгенија Огненова

Печати: Астра Дизајн дооел Охрид

Тираж: 25

ЗА СВЕТИ КЛИМЕНТА

НИЕ ДЕЦА СМЕ НА КЛИМЕНТА
СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРДСКИ
А МАЈКА МАКЕДОНИЈА
СО ЉУБОВ НЕ ЗАДОИЛА





И ОД ГОСПОДА ДАРУВАНИ
ЗЛАТНО СОНЦЕ ЕЗЕРСКО
ДВАНАЕСЕТ АПОСТОЛИ
И БРЕГ СО ЦРКВИ ПРАСТАРИ



ОВДЕ ВЕЧНО ЉУБОВ ГРЕЕ
ЖИТО, АФИОН, ГРОЗЈЕ ЗРЕЕ
ОВДЕ МОМИТЕ ПЛАТНО БЕЛАТ
МОМЧИЊАТА ПЕСНИ ПЕАТ.



НИЕ ДЕЦА СМЕ НА КЛИМЕНТА
СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ
ТОЈ ЗАШТИТНИК НА ГРАДОТ НАШ
НА ДРЕВЕН ОХРИД УБАВ МИЛ



ОВДЕ БРЕГОТ ТАЈНИ КРИЕ
БРАНОТ ПЕНЛИВ ВО КАМЕН БИЕ
ТАКА ИСКЛЕСАЛ ИМЕ СВЕТО
КЛИМЕНТОВО НОВО ЛЕТО.

#БидиИТиГимназијалец

Млади автори

Јазикот наш денешен

Историјата на човештвото почнува онаму каде што вие ќе застанете. Големиот дел од вашиот патопис е повик за борба. Внатрешноста на срцето со внатрешноста на искажаната љубов кон нешто свето не е споредба која се изучува по надворешниот изглед на една личност. Зборувам не само за денешницата, за нашиот мајчин македонски јазик, туку за големата посветеност, опфатената периферија, пролеаната крв и повикот за борба. Идеализмот е претставен во пошироко светло, вбројувања на ракописот зачинет со ведра мисла, огромна перспектива и самоуверена слобода.

„Без јазикот ќе си недостигаме самите на себе, оти само јазикот никогаш не нè оставил сами и тој памети многу повеќе отколку што ние можеме да заборавиме!“ – Петре М. Андреевски.

За јазикот се пишува со наслада и радост. Родниот јазик е бисерен ѓердан. Збогатени сме со правописот, слободните линии на хартија, искажувањето на одредена желба со помош на нашиот систем од знаци како наше уникатно средство за комуникација. Општиот идеал е расподелен по некое правило кога ја земам предвид саканата книга која не ја осудувам по нејзината насмевка. Понудениот материјал со кој располага повеќе ми значи од самиот изглед. Идеални правци се оние правци каде ги распознаваме емоциите и типот на одредениот јазик. Слободните координати владеат во пределот на едно сурово парче хартија, додека говорителот располага со најразлични интонации кога е во прашање неговото општење. Илјадници масовни мисли ви поминуваат низ мозочниот лавиринит со голема надеж за големи распространства во пошироко засолниште на самата помисла и можност за поголемо знаење.

Живееме во свет чија победа е опстанок на јазикот, гордост на одредена земја, на својата татковина. Според идеалите на едно човечко суштетство не е изводлив достојниот живот без проучување

на сопствениот јазик со кој подоцна ќе го проширува на достојна гранка која би била издржана во целост.
Мислите, а воедно и делата на славниот човек кој ја изјавил љубовта на нашата Татковина, а тоа е јазикот, се тешки зборови кои поттикнуваат и допираат во пределот на градниот кош: „Послушајте Македонци! Јазикот е единствената наша татковина. Сè додека го чуваме, го негуваме, го вардиме, го гледаме јазикот наш македонски - ќе може да сметаме дека ја имаме и татковината. Како куќа, како дом, како огниште!“ - Блаже Конески.
Заштитата на ова богатство е многу распространета, толку мудра, значителна и впечатлива. И толку јака да ги зацврсти сите пет функционални стилови и раслојувањето на јазикот низ нив. Јазикот е едно живо огледало на лексиката на македонскиот јазик, најголемо богатство и заслужува континуирано внимание.

„Свеста и чувството дека сум Македонец треба да стојат повисоко од сè друго на светов, сè треба да биде оценувано од македонско гледиште!" – Крсте Петков Мисирков.

За македонскиот јазик да биде достоен во него се реализира урбаноста, употребата, неговата кротка мисла и сето тоа завиено во парче свилена ткаенина од која sирка убавината. Илјадници сулудничави зборови и страшни погроми на овој свет не би ја урнале нашата достојност кон нашата татковина. Милион синоними, збунки, лаги, огромни деградации, но на крај една љубов, можност за говорење на, но и со својот мајчин македонски јазик

Калина Јованоска, IV-2

Конески е бесмртен

Вие, ,,голем човеку'', градител на нашиот дом ни покажавте дека постоиме, каде припаѓаме и каде сме, своето Јас.

Каква би била целата наша мината историја, сегашноста и иднинаната без Вашето големо име - Блаже Конески?

Ако не би биле Вие, како што многу ве нарекуваат белег и стожерна личност на македонската епоха, ние би биле народ без дом, без покрив, без корен. Роден во Македонија, школуван во Белград и Софија, запишуван со туѓо име, прекрстуван во зависност од волјата на поробувачот останал нескршлив. Неговата волја била помоќна од сите нив, непотклекнал под никого и ништо.

Македонија и македонскиот народ биле негова храна, негов здив. Во него копнеела желбата да им покаже на негаторите дека сме постоеле, постоиме и ќе постоиме. Кога би набројувале сè што бил во животот академик, поет, прозаист, есеист, книжевен историчар, филолог, јазичар, професор, претседател на МАНУ, би се восхитувале и би рекле тоа го може само вистинскиот Македонец. Но, кога би кажале дека учествувал во кодификацијата на јазикот како кодификатор на современиот македонски јазик, во составување на првиот македонски правопис би требало длабоко да му се поклониме и заблагодариме.

Личност која дала печат во неговото време, неговите стремежи се најдлабоко втемелени во нашата културна историја која по слободата била и остана најтемелниот и најтрајниот духовен постамент. Со неговата генијалност и со неговите песни кој како нескротлив извор бликале од неговата душа го опејувал македонскиот народ, неговата вековна поробеност, искушенија, порази, падови, крикови, болки, бесови и сите црнила надвиснати над македонската почва и македонското небо, но и она жарче на надеж што тлеело во него и кога тогаш ќе распламти и тргне по своето - по слободата. Со сè што создал се откривме, сфативме, најдовме и сето тоа е неминовно потребно за нашата егзистенција.


Сите негови напишани дела ,,Везилка'', ,,Црква'', ,,Записи'', ,,Чешмите'', ,,Небесна река'', Црн овен'' и уште многу други и сите добиени награди ,,Златен венец на Струшките вечери на поезијата'', ,,Хердерова награда'', ,,Његошевата награда'', ,,АВНОЈ'', ,,11

Октомври'', ,,13 Ноември'' се оживување на нашата историја, традиција и потикнување на родољубивото чувство кај сите нас.

Што толку имал, знаел и колку повеќе ја сакал Македонија од нас што се видел и предвидел, сè што напишал и оставил толку многу ни е потребно во овие тешки времиња кога нè негираат, понижуваат и сакаат да земат и присвојат сè што е наше. Толку многу би ни значел сега да беше тука и ни помогнеше да го избереме вистинскиот пат.

Но, едно е сигурно додека го имаме, почитуваме и негуваме она што сте го оставиле Вие, ние ќе бидеме неуништливи, а Вие и делата бесмртни.

Марија Ристеска, I-7



Нина Нелоска

Тој е мојата муза

Муза. Збор од четири букви, но со различно значење за секого. Музата за мене претставува личноста која ме понесува низ неоткриени патишта, личноста која ме инспирира и отвара нови гледишта. Секој има своја муза, тоа е една огромна сила- двигател на нашата личност, саканата глетка што ги исполнува нашиот живот, нашите моменти, соништа и спомени.

За мене, тој е мојата муза. Тој е мојата дефиниција за среќа и перфекција. Се започна запознавајќи го него во ладните ноќи на преминот од златната есен во белата зима. Ја пронајдов мојата муза и многу нешта околу мене се променија, започнаа да стануваат јасни. Брзиот трепет на моето срце, исчекувањето на секој момент да го видам, погледот кој ги разгоруваше со искри нашите души. Дојде како ветер, кој носи смиреност во себе, ветер кој ги испреплети нашите судбини. Тој ветер е всушност љубовта, неа не можеме да ја видиме, но ја чувствуваме како топлина што ги згрејува нашите срца, држејќи ја најголемата моќ да надмине сè. Неговите сини очи се бистрите длабоки води во кои ја гледам рефлексијата на мојата среќа, гледам еден свет полн со нови хоризонти кои ја испишуваат нашата приказна. Новите моменти пробудија неопишливи чувства разгорувајќи го пламенот во нас, оној пламен за кој не постои сила што некогаш ќе успее да го згасне. Тој е мојата ѕвезда водилка, која најсилно блеска во длабоките црнила на небото, ѕвездата што ни ноќта не може да ја сокрие. Тој е причината за многу работи, причина за мојата насмевка, но и голема инспирација во моите тешки моменти. Тој е мојата друга половина која ме прави да се чувствувам целосно.

Еден ден музата ќе тропне на секоја врата. Во неочекуван момент ќе влезе во животот, правејќи еден пресврт.

Верица Танковска IV-1

Чекорењето кон животот

Создавањето на планетата земја за нас луѓето е незамисливо. Но она на човекот е. Она што не го знаеме за него е неговата судбина и како ќе се врти тркалото на животот. Најсовршено, најсилно, но и најчувствително нешто кое Бог го создал е човекот. На предизвиците во животот може да стои исправено и цврсто како карпа, но понекогаш и најмала ситница може да го сруши како кула од карти.

Се раѓа чиста невина душа, со кожа нежна како памук и бела како снег. Здивот го зема со плач, кој мислиш дека и кај каменот предизвикува чувства. Тоа мало невино суштество за многу кратако време и со брзи чекори ита кон животот. Чиниш дури да трепнеш станува мало човече кое набрзо трча, зборува и е исполнето со зачудувачки идеи. Неговото прво другарување со надворешниот свет го прифаќа понекогаш чудно, понекогаш збунето, но можеби и среќно. Се радува на сè околу него не знаејќи ја суштината и намената на нештата. За него и каменот има вкус и облаците зборуваат. Ја прифаќа секоја подадена рака со широка насмевка и жар во очите. Но додека да трепнеш поминале години, на тоа мало човече му се променил целиот свет. Срединатa во која живее сега станува негова водилка, според неа ги дели насмевките или го покажува своето намуртено лице. Колку ќе се избори за своето место зависи само од него. Претходно цврсто подадените раце, сега ја намалуваат својата сила и сфаќа дека не секоја подадена рака му нуди сигурност. Се наоѓа на крстосница каде треба да одлучи по кој пат да тргне. Чекорењето кон животот му станува сè потешко. Наидувајќи на пепреки треба да избере меѓу ветерот во грб или ветерот кој му ги запрашува очите. Прашливиот ветер најчесто ќе го однесе во погрешна насока, додека тој во грбот ќе му го разчисти патот кон посветла иднина. Почнува да прави разлика меѓу шегата и исмејувањето и вистина и лагата. Светот за него

повеќе не е толку розов, почнуваат да се појавуваат црната и бела боја. Но постепено ќе научи дека постојат различни нијанси на сиво за кои вреди да се проболжи борбата. Ќе мора да научи дека самиот живот е како една сцена и претставата завршува со крајот на мелодијата. За некого убава, но можеби за некого тажна мелодија. Тоа зависи само од тоа мало човече кое е принудено да порасне за да се вклопи во суровиот свет. Доаѓаат моменти кога животот со него ќе се поигрува како со шаховски фигури. Но само од него самиот зависи на кое поле ќе застане. Неговото движење некогаш ќе ги одредат чувствата, а некогаш раумот. Во оваа игра најважно е да се разбере дека од секоја битка не може да се излезе како победник. Среќен ќе биде само тогаш кога тоа што го прави го прави со љубов и желба, а не по волја на другите. Колку ќе успее во тоа зависи само од него. Затоа што секој човек во себе има два волка, добар и лош. Кој од нив ќе биде посилен зависи од изборот кој повеќе ќе го храниш.

Секој човек во себе го носи детето, чисто и невино. Неговата големина останува запаметена по делата кои ги остава зад себе – детето - човекот. Добри или лоши како печат ќе го следат неговото име. А, животот е навистина краток и времето тече како вода. Но, да не заборавиме дека не е важно да се живее долго, туку поважно е да се живее исполнето и добро.

Ана Голабоска, IV-1


Тој е мојата муза

Изворот на емоции во животот ни потекнува од она идеалното. Тој некој што е совршенство без маана во секоја ситуација. Насмевката која ни ја дава во секоја доба од животот ни ја открива магијата на розевиот свет. Љубовта е море ,длабоко кое нема дно, но најгоре, лебдиме на врвот од морето.

Тој е идеалот за мене, пропаст за некого или неодреденост во нечија глава. Начинот на изговарањето на зборовите, одот или пак самото гледиште во светот, погледот и магијата која се појавува на траекторијата меѓу четирите очи е тоа што ја прави мојата муза посебна. Љубовта е можеби таа која на дното нè тоне, но не е случај и за музите. Идеалот е она што нè издигнува. Многу луѓе сметаат дека по потрага за идеалното можеме да се изгубиме себе си, но зарем не може идеалното да нè пронајде нас? Од никаде ќе сфатиме дека човекот пред нас ни влева надеж во животот или пак обичен предмет ни е ветер во грбот. Кога ќе откриеме дека сè во животот е возможно, пронаоѓаме мотивација за понатаму дури и во најситниот атом кој не го ни гледаме, но знаеме дека е тука и дека постои. Така и идеалот честопати без да го бараме, ќе знаеме дека сме го пронашле.

Ни еден уметник немал идеален партнер во животот, па да му биде толкава инспирација за создавање ремек-дела. Инспирацијата ја бараме во ситниците. Мојата муза е случајноста.

Наталија Секулоска IV-1



Што научивме од грешките

Животот означен како долг автопат, а околу него безброј знаци - грешки кои поединечно нѐ упатуваат некаде.
Секој погрешен пат нѐ води на споредна улица, но дали и покрај толку погрешни улички на крај ќе ја најдеме вистинската?
Или пак повторно се наоѓаме на праг на крстосница за да нѐ збуни излезот од оние споредни патишта кои веќе сме ги поминале?
Дали грешките од минатото ќе креираат лекција за нас или како алгоритам ќе се повторуваат?

- Ете тоа зависи од самиот себеси.

Грешките се оние кои во животот имаат задача да нѐ доведат до вистинската уличка, за да ја поминеме крстосницата. Нешто во самите себеси што нема да дозволи повторно да ја направиме истата грешка и нешто што ќе го бара решението за да се поправи истата. Тоа е моралот кој во себе го поседува човекот.
Но зошто и покрај толку други можности ние несвесно се соочуваме со грешките?

- Затоа што не секогаш животот ни сервира сѐ на тепсија, некои работи за да ги научиме

мора да ги почувствуваме на сопствена кожа, да се соочиме со нив, да ги прифатиме и на крај да стигнеме до решението.

За жал постојат и оние грешки кои креираат доживотна лекција, кои не толку лесно како со гума може да ги избришеме од листот хартија бидејќи тие се впишани со мастило и ја носат тежината на најтешката лекција.
Но сепак да не постоеа грешки во животот можеби никогаш и немаше да се создадат вистинските морали и вредности можеби луѓето ќе беа и посурови отколку сега.
Секоја грешка има цена, а секој ја плаќа сопствената без попуст!

Наталија Савеска, IV-2

Вистинското пријателство

Дали навистина е потребно да имаме пријателка која ќе ни биде огледало во кое кога ќе погледнеме, всушност ќе ја откриеме нашата вистинска скриена страна?

Ние луѓето сме живи суштества, што значи чувствуваме, среќни сме, гневни сме, тажни сме, горделиви, упорни. Но понекогаш, некои постапки од одредени личности можат сосем да направат пресврт во нашиот живот и да го пробудат во нас она човечкото, да го омекнат срцето, кое досега било еден студен цврст камен. Срцето кое воопшто не размислувало за другите околу него, не било свесно дека светлината во него постои. Единствено нешто што ќе ја открие таа светлина е само пријателката која што најнеочекувано ќе се појави во нејзиниот живот. Личноста која не верувала дека некогаш всушност ќе се појави пријателка, на која ќе може сосем да ги искаже своите мисли и чувства, позитивни или негативни, ќе научи што значи да се има доверба во некого. Веќе не ја чувствува осаменоста во себеси, знае дека има пријателка која секогаш ќе биде тука, секогаш ќе и го покажува вистинскиот пат. Во неа изгрева надежта, знаејќи дека се појавува личноста која ќе стане толку важен дел во нејзиниот живот. Дозволува таа да и стане блиска пријателка, да допре до нејзиното студено срце, и да ги открие топлината и човечноста кои дотогаш биле непознати за другите, оние кои не ја гледале внатрешноста на душата, тие кои не сакале да се потрудат да го видат убавото во неа. Она што се крие во душата на човекот, таа непознатата страна, која самиот не може да ја одгатне или можеби сосема е свесен, но воопшто не сака да ја покаже таа чувствителна страна, поучен од минатото плашејќи се дека повторно ќе биде искористена неговата добрина.

Јана Георгиева III-7

Едно поинакво лето

Беше лето - најубавиот период од годината за секој тинејџер. Но, додека пријателките го истражуваа светот, судбината ја затвори Ирина меѓу четири ѕида. Таа немаше можност да ужива ниту во убавините на сопствениот град бидејќи... за неа животот значеше работа.

Работеше од изгрејсонце до мрак за да имаат бар малку храна на трпезата. Летото ѝ поминуваше безлично и монотоно ротирајќи помеѓу двете работни места и скромниот дом... Но, еден навидум обичен ден се претвори во магија која целосно ѝ ја промени животната приказна. Наместо да тагува гледајќи ги пријателките на инстаграм, Ирина одлучи и на своето лето да му вдахне нешто забавно. Се сети дека еднаш си беше купила книга. За неа читањето беше единственото воодушевување што можеше да си го дозволи... понекогаш... кога ќе ѝ останеше бар атом сила после работата. Всушност, таа и самата многу сакаше да пишува, но... животната ситуација воопшто не ѝ дозволуваше да најде време и да си ги искаже мислите. Оваа ноќ одлучи да го оживее боженственото чувство кое го нудат единствено книгите. Се повлече во подрумот - единственото место каде што имаше барем мала приватност и почна да чита. Секако, пред тоа ги отвори новите пораки од нејзините пријателки. Повторно истото - безброј слики од Бурџ Калифа, Лувр, Пирамидите во Гиза, Кривата кула во Пиза... Длабоко во душата чувствуваше радост со самото тоа што гледа колку е убав светот, иако не можеше ни да ја замисли среќата кога се живеат таквите мигови. По сè, ова девојче за кое и храната претставуваше луксуз, беше сосема свесно дека ни во сон не може да дознае како е да се патува. Воздивна длабоко, ја отвори книгата - единственото нешто кое дозволи да си го купи после сета таа работа. Само што почна да ја листа како да исчезна сета тага која ја тиштеше. Подрумот стана чудесна палата, а низ прозорчето се гледаше прекрасно море. Излезе и ја слушна најубавата хармонија отсвирена од морските бранови. Секој тинејџер најпрво би се фотографирал на ситниот песок, но Ирина не ни помисли на својот телефон. Со сета возбуда заплива во сините води какви што видела само во филм, јадеше разновидна храна, а на себе ја имаше најшарената облека. Накратко... го

живееше животот за кој не си дозволуваше ни да мечтае. Деновите минуваа, запозна и засака многу луѓе, но Лана беше посебна. Таа девојка ѝ подари рачно изработена ракавица која за Ирина беше најзначаен подарок што воопшто го добила. Си раскажаа многу соништа и мечти, се смееја и уживаа во младоста. Но, пред и да започне најнезаборавната авантура, таа слушна глас:

„Ирина, дојди да ми помогнеш да ја решам задачава“.

Се врати во реалноста и сфати дека сè било само воодушевувачка имагинација која се појавува со помош на книгата. Се исправи и потрча да ѝ помогне на сестричката. Но, само што го допре моливот забележа дека ракавицата е сè уште тука. Не можеше да им верува на сопствените очи.

олго се прашуваше дали сè било сон, ја изгубила ли способноста за трезвено размислување или едноставно... доживеала магија?! Нурна во мислите и се присети! Во книгата пишуваше „идината им припаѓа на оние кои веруваат во своите соништа“. Токму тоа беше поттик за Ирина да започне го следи својот сон! Патувањето што го доживеа, го преточи во расказ. Тоа стигна до многу луѓе и стана омилено за сите. Оттогаш, на масата имаше многу повеќе од леб и сол, а Ирина работеше во две смени само кога сакаше да пишува. Беше повикана на мноштво емисии и манифестации и се оствари како голем писател.

И запаметете, да не беше таа и нејзиниот сон... денес во богатата ризница од раскази ќе недостасуваше овој што го читате во моментов, почувствуван од нејзината душа и испишан токму од нејзината рака. А тоа како јас знам толку многу за оваа успешна девојка?! Тоа, мили мои читатели, го препуштам на вашата имагинација.

Сара Петкоска, III-3

Во огледалото: сликата за нас самите

Додека се движиме низ лавиринтот на сопствениот живот, на секој агол е поставено огледало кое ги рефлектира нашите особини, нашиот карактер, нашите предности и недостатоци. Самите ние најдобро ја знаеме секоја предност што ја поседуваме, но најчесто сме фокусирани на барање најситен недостаток со кој ќе си ја рушиме сопствената самодоверба и ќе се потценуваме себеси без потреба.

Секое утро погледнувајќи се во огледало, директно во зеницата на своите очи, започнува повторно битката со сопствената самодоверба. Ако во сопствените очи изградиме позитивна слика за себеси и се гледаме во најдобро светло, ние сме херои во сопствениот свет. Сликата која нè отцртува лично нас ја формираме самите ние, а не луѓето околу нас. Чувството на празнина кое владее со нашето тело и со нашиот ум е само недостаток на сопствена љубов.

Која улога ја имам јас на ова мало парче земја?

Треба да бидеме свесни дека промените кои ги гледаме околу себе започнуваат токму од нас самите. Почетната линија си ја поставуваме сами, а ако ја поминеме со големи амбиции и желба за напредок многу брзо ќе стасаме до целта. Постигнатата цел е одговор на прашањето зошто сум јас тука и која е мојата улога. Кога на крајот од денот повторно ќе се погледнеме во огледало, освен уморен поглед, ќе видиме среќа, исполнет поглед со самодоверба и остварена цел.

Колку често посакуваме да сме некој друг? Нормално е да имаме поглавје во животот во кое нема да бидеме задоволни со самите себе. Ќе копнееме по нечие туѓо, по нешто совршено, а нема да сме свесни дека совршеното треба да го бараме во себе.

Потребни се само неколку минути да одвоиме и да седнеме пред огледало, да се запознаеме со самите себе, која сум јас?

Сите мои емоции споделени токму со личноста која е одраз на огледалото се оние најискрените.

Никогаш нема да излеземе од тој лавиринт и секогаш каде и да погледаме ќе го видиме одразот на нашите постапки кои сме ги направиле низ животот. Не треба да бидеме оптеретени со самите себе за да не премине сето тоа во егоизам, но треба нашата среќа да е на прво место, а потоа со рационално размислување да се препуштиме во бурата на животот.

Наталија Секулоска, IV-1

Во огледалото: сликата за нас самите

Слика креирана од патот на сопствениот живот. Нешто што го одредува нашиот идентитет во туѓите очи. Огледало во кое е отсликана реалноста за нас самите.

Но во чии раце е огледалото на кој е отсликан нашиот лик?

Кој го држи тоа мало, стаклено парче во рацете?

Се разбира дека секој во своите раце го држи своето огледало како и сликата која ќе се рефлектира на него.

Секој човек животот го држи како глина во рацете, она што ќе го креира од неа ќе биде отслик за самиот себеси.

Огледалото како синоним кој ја претставува сликата која ќе биде прикажана пред другите, пред целото општество, како и сликата која ќе ги засени туѓите очи.

Само делата кои ги извршуваме во животот малку по малку ја даваат онаа јасна слика за нечиј карактер, она што го обележува нашето секојдневие, нашиот начин на живот, нашите потенцијали и вештини се предностите кои самите ги рефлектираме врз огледалото.

Наталија Савеска, IV-2

Што научивме од грешките

Од моментот кога еден човек знае за себеси, од моментот кога мемориите почнуваат да му се всадуваат во разумот сигурна сум дека барем еднаш ја слушнал реченицата „Од грешките ќе научиш". Во моето семејство е често користена и како растам сè повеќе ја разбирам нејзината суштина.

Реченицава се користи за да се надминат трагедиите кои го прават животов кучешки, мизерен или пак да проба да ја ублажи нанесената болка врз нечие кротко срце. Искуството е она што го учиме од грешките. Искуството е она кое нè вади од матните води и ни дозволува повторно да ја почувствуваме радоста на животот.

Но дали е доволно да знаеме дека грешката ќе нè направи силни, толку силни што и најмоќната војска нема да успее да ги урне нашите ѕидини?

Не е доволно и нема да биде. Бидејќи во сите нас постои глас кој нè спречува целосно да се препуштиме на учењето од грешките.

Па зарем ако не постоеше овој глас ќе имаше војни?

Зарем луѓето не научија дека залудно уништуваат невини животи?

Ако не постоеше тој глас, човекот ќе знаеше да ја зачува планетата Земја и ќе знаеше да ги спаси оние кои немаат ни капка вода за пиење.

Ако не постоеше гласот, зошто тогаш жената се враќа во прегратките на оној кој ја уништил, тоа ли е љубов?

Ете единствениот виновник и она што го тера човека да се запраша „што ако беше поинаку?", да се врати да ја повтори истата грешка, да се надеваме дека ќе му се здосади за брзо.

Она што го учиме од нив треба да нè задоволи нас како живо битие со разум и совест. Грешката учи на справување со стравот, прифаќање онакви какви што сме и напредок во сите полиња. Мене лично грешките ме учат како со отворени раце да ги пречекам сите предизвици, ме враќаат повторно во трката за животот со надеж на

конечна победа. Ако сум искрена сè уште немам научено да го практикувам ова во целост. Понекогаш е страшно да излезе човек од својата комфор зона. Е тој пусти страв нè спречува да пристапиме поинаку, затоа се прават истите грешки одново и одново. Човек за да научи од нив треба прво да си ги признае (за мене најтешкиот дел), да си ги присвои (не се ничии освен наши и само наши), а потоа да се гледа на нив со „други очи".

Учиме и од туѓите грешки. Како што рекла Еленор Рузвелт: „Нема да доживееме да ги направиме сите грешки и да научиме од нив".

Најтрајните животни лекции се учат токму кога има само црнила и најмалку надеж за подобро утре. Грешките се скапоцени мора да се издигнеме над нив да научиме од нив и да платиме за истите.

Кјара Лазаревска, IV-1

Разговор со мрачниот жетвар

Запалив цигаре, и покажав заби на смртта ,а таа ми ги откри своите тајни. Потсмевајќи се, зборува за минливоста на овој свет, ѝ се смее на иронијата дека само таа е вечна. Луѓето минуваат, времето тече, а таа, смртта е секогаш тука како крај што никогаш не завршува.

Запалив уште едно цигаре, смртта ми рече дека таа е всушност движечката сила на човекот, светот и космосот. Бев збунет, па запалив уште едно цигаре и ми стана јасно - човекот го воспитува човекот за да живее, да се оддалечи од смртта. Се учи на сигурно живеење и што не треба да прави за да остане жив. Вака смртта го очовечува човекот.

Запалив уште едно цигаре и смртта ми раскажа за патот на еволуција низ кој чекорат сите созданија, за движењето на битијата кон телеолошкото подобрување. Сега ми е јасно, природната селекција е само едно од многуте лица на смртта. Со помисла на смртта славиме родендени, се радуваме дека сме живи, а таа се радува дека се приближуваме кон неа.

Палам уште едно цигаре, смртта ми се фали за тоа како таа е директно одговорна и за постоењето на Бог, но јас не ја разбирам, па палам уште едно цигаре за да се приближам кон неа за да ја разберам. Ми вели: човекот го создаде Господ за полесно да ме разбере за да направи илузија дека јас не постојам за човекот да верува во живот после животот.

Палам уште едно цигаре, а смртта ми посочува што сѐ човекот е подготвен да направи за да почувствува контрола над неа. Ми вели, човекот убива за да си направи илузија дека има контрола врз мене. Контролата врз животот на другиот , му дава спокојство на човекот исто онака како што на човекот му дава спокојство смислувањето митови и разни приказни само за да мисли дека ја разбира смртта. Но, во својата суштина, смртта е неразбирлива сѐ додека не се соочиш со неа.

Го палам последното цигаре. Пушејќи, гледам како чадот игра со воздухот, како се издига кон космосот, а со секој дим кој го вовлекувам одново ја поканувам смртта на танц. Најпосле цигарето изгоре, жарчето згасна, а со него ~~и~~ згаснав и јас. Добро ја запознав смртта, па сега морам да се дружам со неа.

Теофан Митаноски IV-2

Сронетата машка солза

Гледаш како сопствениот живот ти се уништува пред очи, се руши како кула од карпи, а додека трепнеш сé е готово. Како да не ти го окинале срцето и како да не изгорело во војната. Тешката судбина, болката и тагата како да се сплотиле против тебе да те уништат, но ти стануваш уште посилен.

Секој човек има некоја цел во животот која сака да ја исполни. Некои сакаат да создадат семејство и да живеат во хармонија, а на некои материјалните соништа му го исполнуваат животот. Животот е она што поминува додека правиме планови. Еден миг може да ги украде сите планови и човек да остане со празни и смрзнати раце. Таква судбина го стигнува Андреј Соколов, среќно оженет сопруг со три деца. Весникот кој ќе го направи горд татко истовремено ја носи смртната пресуда на неговото семејство.

Денеска обичниот човек, утре е принуден да стане војник, оставајќи ги зад себе своите сакани. Во војната неговото тело е во постојана борба, но неговата душа е бурна како немирно море. Успева, надевајќи се дека после секое невреме изгрева сонце и продолжува да живее. Сепак стои исправено пред непријателот борејќи се за својот живот и животот на пријателите. Неговите крвави рани како да се невидливи, не ја чувствува нивната болка. Напротив секоја нова пролеана капка крв го прави посилен, помудар и поистраен во целта. Надежта не го напушта, се бори бидејќи мора да се врати назад и да го исполни ветувањето. Но, сувиот даб паѓа од раката на Иринка. Дознава дека ја изгубил својата поткрепа во животот. Нова искра надеж пламнува во неговото срце, ја враќа волјата за живот кога дознава дека неговиот Андрушка е жив. Не само што е жив, неговото мало синче, сега станал маж. Тргнал по истиот пат како својот татко по своја сопствена волја. Продолжил да чекори низ пеколот, мечтаејќи за средбата со својот син. Но, надежта бргу згаснува. Долго чеканата средба во него го разгорува огнот на болката. Кога го отвара ковчегот, не го препознава своето чедо, наместо него лежи непознат маж кој го дал животот за слободата на својата татковина. Како е да се живее без душа без дух, не грижејќи се дали ќе го дочекаш новиот ден или пак пријателот ќе умре на твоето рамо? Но, судбината пак го искушува, му носи мало невино дете. Тоа дете ќе стане негов син и единствената причина за живеење. Неговото тело и душа претрпеле голема болка, неговите рани и срце премногу искрвареле, а неговите очи само една солза пролеале. Но, дали една солза може да ја измие болката која тој ја чувствувал или пак таа солза претставува почеток на нова приказна?

Во војните многу човечки животи се изгубени, многу семејства разделени, многу срца скршени. Мајка останува без дете, жена без маж, деца без родители. И покрај сè природата на човекот го тера да го продолжи својот живот понатака, затоа што тој претставува синтеза од насмевки и солзи**.**

Ана Голабоска IV-1

Идолите на младите луѓе во современиот свет

Дали силата на авторитетот е во ненаметливоста или во демонстрираната моќ? Некогаш без приговор се слушало и почитувало она што ќе го кажеле родителите, учителите, надредените на работа. Што се променило, зошто се денес различни авторитетите? Кому му се восхитуваме, на кого се угледуваме, па дури и сакаме да го надминеме?

Современиот свет е исполнет со инфлуенсери, јутубери, блогери и слични личности од кои некои им стануваат авторитет. Тука е важно рационално и добронамерно да се разбере содржината зошто некој го прави тоа. Важно е критичкото размислување, да не се верува во сѐ што ќе се види и да се размислува со своја глава. Другата причина за влијанието на ваквите лажни авторитети е таканаречената ,,израмнето општество", мешање на границите меѓу родителите и децата. ,,Немам влијание"- е најчестиот изговор меѓу родителите. Вистински пример за немоќност. Не постои хиерархиски ред, туку само хоризонтална ориентација. А треба да се знае: ,,Семејството е местото каде што се гради авторитетот, темел за идните искуства".

Непромисленото слушање на разноразнни авторитети во современиот свет е најлошиот непријател на вистината. Но, доколку го следиш вистинскиот пример, оној што го сметаш за релевантен авторитет тогаш ќе ја добиеш заслужената награда.

Ева Карамитре II-8

„Погрешните“ намери на Дон Кихот

Во животот секој од нас има некоја цел, некои намери кон кои се стреми. Во делото „Дон Кихот“ , кое е пародија на средновековните со рицарски романи се исмејуваат постапките на витезите. Но, кои биле намерите на нашиот витез Дон Кихот?
Нашиот протагонист, нашиот сакан и налудничав Дон Кихот во овој роман си има свои намери со кои се запознаваме уште од самиот почеток. Штом се слушне името Дон Кихот од Ла Манча, зарем нема да ве потсети на старите имиња на рицарите од тие романи? Од тука јасно ќе ги согледаме и неговите намери : да стане витез ист како и оние од тие фантастични романи во кои витезите им помагаат на послабите, и обесправените, освојуваат територии, јуришаат на непријателите. Но неговите намери и постапки не се ни блиску до реалноста, туку се само бујна фантазија на еден старец. Сепак, тој се одлучува да ги исполни своите убедувања и заблуден од тие рицарски романи, тргнува во поход. Нашиот Кихот се бори со ветерници, стадо овци и доживува голем број „авантури“ во кои тој излегува поразен, претепан и уништен. Точно, неговите намери се со добра и племенита цел, но таа цел е нереална, бидејќи таа е возможна само во тие романи каде сè е перфектно и совршено. Оттука можеме да кажеме дека нашиот сакан Дон Кихот од Ла Манча колку и да е добродушен има грешни намери. Би рекле зошто грешни? Па затоа што по сите свои подвизи, тој се повредува себе си и наместо даим помага на послабите и беспомошните, на крајот тој е повреденият. Таа заблуда, тие романи, тие ликови во романите му прават една слика на Кихот која е совршена во неговата имагинација, а тој несвесен за тоа, фантазијата сака да ја претвори во реалност. Ова се намерите на нашиот сакан витез, Дон Кихот од Ла Манча.
И покрај сите намери кон кои што се стремиме, било да се добри или лоши, целта која сакаме да ја достигнеме треба да биде секогаш правилна и реална за да не излеземе од нашите битки повредени и да не го загубиме она што го имаме.

Ведран Томчов II -7

Романтичарските женски ликови се нежни, емотивни, но не го изгубиле разумот и општествената одговорност

Уметноста е предвесник на промените во општеството. Со неа луѓето- уметници искажуваат силни пораки, мислења и чувства. Преку уметноста е искажан и романтизмот. Тој воодушевувачки стилски правец кој поттикнува желба за борба, го буди патриотскиот дух, предизвикува луѓето да се одделат од стандардот и да станат свои индивидуалци. Жената е кренатa на подиум, создавајќи култ кон неа, а негувани и почитувани се и народното творештво и природата. Но, сепак, постои разочараност. Разочараност од меѓучовечките односи, разочараност толку голема што индивидуалците бегаат во други средини, со надеж да најдат чесни искрени луѓе со чист дух. Нивните бурни чувства не можат да се искажат преку поезија или проза- па затоа се создава поемата- нивна златна мешавина. Сета инспирација, имагинација, идеализам го предизвикале создавањето на прекрасните романтичарски дела.

Такви се и делата на Пушкин и Гете. Тажни и трагични романтичарски приказни кои будат слични чувства. Како во секоја љубовна приказна, постои искра помеѓу машките и женски ликови-ликови кои ќе допрат до нас. Тие се претставени преку Татијана и Лота. Двете имаат свој начин на сакање- свој карактер, свој дух. Како жени се двете нежни и емотивни во односите со луѓето, но постои една голема разлика меѓу нив. Мирната и нежна Татијана се вљубува длабоко во убавиот Онегин, ги крши моралните правила, нејзината љубоста била толку силна што таа се нафаќа да ги искаже своите скапоцени чувства со мили, благи зборови во писмо-додека Лота има двајца мажи кои трчаат по неа и ја сакаат како што куче го сака својот сопственик. Едната е одбиена, додека другата одбива. Доаѓа и момент кога Татијана, претставена како нова личност, но сепак со иста душа, му буди чувства на воодушевениот

Онегин. Сега двете мораат да направат тешка одлука- дали ќе ја одберат својата среќа и исполнетост или ќе ја отфрлат за да си го сочуваат угледот. Го прават тоа што сметаат дека е праведно, но на нивната одлука дејствуваат и други околности. Лота мора да ја исполни желбата и благословот даден од покојната си мајка, додека Татијана не смее да го наруши своето достоинство, заедно со „услугата“ која ѝ ја направила мајка ѝ. Во тој поглед двете жени се разумни, одговорни и храбри, бидејќи не постои заљубена жена во светот која би ја фрлила својата среќа само за среќата на другите околу неа.

Да се направи одлука под притисок е многу тешка работа. Според мене- да не постоеле тешките околности, и Татијана и Лота, двете би ги оставиле своите мажи, за да одат со оние кои навистина ги сакаат и ги исполнуваат. Нежни и емотивни, но и итри и разумни имаат високо ниво во тогашното општество и се достоинствени кон неговите обврски. Се почитуваат самите себеси, својот углед и општеството, по цена- нивната среќа, вистинска искрена љубов и саканост. Ѝ се восхитувам на нивната одлука, бидејќи не верувам дека ни јас, ни никоја друга заљубена како нив би донесла толку тешка и храбра одлука. **Симона Клењоска III-6**



Јана Силјаноска

Емотивноста и романтичарскиот занес на Вертер наспроти стабилноста и одговорноста на Алберт

Како контра удар на строгите класицистички норми, се појавило едно ново, послободно и побурно движење- романтизмот. Местото на разумот и стабилноста го заземаат чувствата и длабоките емоции, силно поврзани со самиот карактер на романтичарската индивидуа. Е, баш тој збор- индивидуа го краси романтизмот како стилски правец и го прави уникатен. Во романтичарската уметност, централно место зафаќа самата разочараност на дејците, нивните душевни маки, борбата со општествените норми и желбата за бегство. Такви емотивни автори ја пресликале нивната раздразлива душа во комплексни и променливи ликови.

Еден таков лик е претставен во „Страдањата на младиот Вертер“, дело на големиот германски писател Гете. Во својот роман, Гете ни претставува млад човек, полн со живот, уметник и со раздразлива душа. Главна одлика на Вертер е неговата желба да ужива во деталите на природата, во мирисот на цвеќата, па дури и во малите инсекти. Сета таа природна рамнотежа ја нашол во Валхајм, малечко гратче, но со голем дух. Емотивно занесениот Вертер ја возвишува природноста на мештаните, нивниот едноставен живот и нивната човечка искреност. Тој е толку приврзан кон своите чувства, што потполно оправдува љубов меѓу селски момок и вдовица, сметајќи дека за таква љубов вредат да се преминат сите граници, косејќи се со сите тогашни општествени начела. И самиот тој запаѓа во таква забранета љубов. Вертер не само што се заљубува во Лота, туку таа станува негова пасија и опсесија. Целосно заборава за својот поранешен живот, „љубовта“ што ја чувствувал кон Леонора, како и причните за неговото бегство. Во Лота, нашиот романтичарски занесен јунак, ја пронаоѓа вистинската смисла на зборот љубов. Тој љуби и е подготвен да премине било каква препрека, да влезе во битка со општеството и да

ги заборави сите човечки принципи. Кратко кажано, бурната душа на Вертер уште повеќе се разбранува, што неговото однесување наликува на лудост. И што ли може да спречи ваков емотивен, нестабилен и упорен човек? Единствена препрека на Вертер, човек-индивидуалист, може да биде само одговорен и разумен човек. Таков е Алберт, свршеник, а подоцна и сопруг на Лота. Алберт е всушност, лице на општеството. Следејќи ги сите колективни прописи, тој води мирен и стабилен живот. Некои можат да речат дека Алберт не ја љуби Лота, но тоа е далеку од вистината. Тој својата љубов ја искажува на поприсебен, посмирен и поинтимен начин, за разлика од Вертер, чија љубов е страстна, бурна и немирна. Алберт искрено се грижи за Лота, ја гарантира нејзината безбедност и сака таа да има убав живот, дури и по цена да мора да се препушти на многу работа. Таа негова неромантичарска одговорност можеби го прават здодевен и бесчувствителен, но е единствен знак за неговата искрена и топла љубов.

Може да се заклучи дека, и покрај дијаметралните разлики во Вертеровите и Албертовите вредности, тие сепак имаат нешто човечно во нив. За жал, Вертер трагично завршува, но неговата страст, исповедта на сите длабоки емоции, го прави добар и актуелен лик. Од друга страна, и Алберт ни покажува како разумот и стабилноста го градат патот кон мирен живот. Токму оваа актуелност на романтизмот е уште една причина за големата читаност и значење на Гетевото дело „Страдањата на младиот Вертер“.

Митко Савев III-5

Тонејќи сиот в мрза тапа, Онегин е Чајлд Харолд ист.

Романтизам – период во кој владеат чувствата. Како тотална спротивност на класицизмот во кој доминираше величење на рационалноста и потпирање врз човековиот ум, а не емоциите, авторите од романтизмот зазеле целосна творечка слобода и ја прикажале кревката, но бурна духовна природа на луѓето во нивните дела. Она што ги карактеризира романтичарските јунаци од XVIII-XIX век се индивидуалноста, разочараноста, чувството на светска тага, бегството од реалноста и слично.

Едни од најпопуларните и најистакнатите ликови од овој период се Чајлд Харолд на авторот Бајрон и Евгениј Онегин од Пушкин. Овие двајца млади благородници живееле сличен, едноличен живот во своите родни места. Потекнувајќи од благородничка класа, биле учени на луксуз, забава, страст, лесна победа... Своето секојдневие го поминувале во безделничење, одење на бесполезни настани, привлекување внимание на убавите девојки. Но, сета таа едноличност на животот почнала да им станува здодевна. Во двата лика се појавило чувство на оттуѓување, неприпаѓање кон општеството во кое се наоѓаат. Двајцата, водени од сопствените себични желби и страсти почнале да бараат излез од секојдневната досадна рутина. Она што можеме да го согледаме е дека на некој начин Харолдовиот лик му служел на Пушкин како модел за осиромашениот благородник Онегин. Нивното детство, начинот на кој биле воспитувани, стилот на нивното живеење и општеството, односно благородничката класа во којашто живееле довеле до нивната крајна бесчувствителност, нивната безгрижност и неразумност. Во суштина, она по што се разликуваат овие два лика се начинот и причината за бегство. Чајлд Харолд, притиснат од општествените стеги кои не ги прифаќал и разочараноста од љубовта без светол крај, одлучил да замине од дома и да бара

подобар живот патувајќи во поегзотични места – Медитеранот. Во оваа негова постапка, бегањето од дома без да се поздрави со никого и без да покаже трошка емпатија, навестува на одредена меланхолија и страдање во неговиот живот. Тој патувал насекаде, од Португалија па сѐ до Албанија, но при секоја ронка надеж тој брзо бил разочаран. Секаде каде што заминал пронашол ропство, крвопролевање и смрт. Секаде каде што се надевал дека ќе ја пронајде славата, богатството и раскошот на средниот век, пронашол изнемоштен народ кој молел за помош. Меѓутоа, овој наш јунак немал храброст ни искра борбеност во себе, па одлучил да побегне од сите тие места и само да ја величи револуционерната борба. На друга страна пак, се наоѓа Онегин. Овој лик бил воден од парите, ја сакал модата и луксузот, но ни еден ден од својот живот не работел за да ги стекне истите. Кога татко му го потрошил богатството, за среќа на Онегин изникнал нов извор на богатство – неговиот болен вујко. Онегин веднаш побегнал од родното место и заминал на селскиот имот каде повторно можел да ужива во својот живот. Но, и тоа набрзо му здодеало. Брзо потоа се запознал со Татјана Ларина која се вљубила во него. Она по што повторно е сличен со Чајлд Харолд е искреноста и почитта во неговата постапка кон Татјана. Кога таа ќе му изрази љубов, тој искрено ќе ѝ каже дека нема да биде среќна со него и ќе страда. Токму и Харолд не презел никакви мерки да биде со љубената затоа што знаел дека ќе биде неверен, а таа ќе се обвие во тага. Онегин завршува така што по две години повторно ќе се сретне со Татјана и ќе се вљуби, но овој пат таа ќе биде онаа која ќе го одбие. Па гледаме дека двата лика бегајќи од своите проблеми нема да најдат среќа, напротив, дополнително ќе потонат во страдање.

Колку и да не сме задоволни од својот живот, колку и да сме несреќни и страдаме, бегајќи од тоа нема ништо да постигнеме. Каде и да заминеме, па макар било и крајот на светот, тоа чувство длабоко врежано во нашето срце ќе нé следи. Бегајќи од сé можеме само да ја продлабочиме бездната во која се наоѓаме. Токму затоа

решително и храбро треба да заземеме став и да се спротивставиме на проблемите. Не треба да ги следиме постапките на овие два романтичари. Погледнете во очите на проблемот и борете се!

Јана Петанова III-7

Сронетата машка солза

Со плимата на животните води доаѓаат и несаканите бури. Пукнатина црна во која тонеме се подлабоко и подлабоко додека се обидуваме да сврземе крај со крај. Секој маж се обидува да излезе најхрабар од секоја кал, но секогаш тоа не е возможно. Истата таа бура може да нѐ фрли и во води во кои не знаеме да пливаме или кои воопшто не сме ги очекувале во животот. Сепак, најбитно од сѐ е да научиме како да испливаме и од најматните води.

Андреј Соколов е обичен човек со тешка судбина. После секој пораз во животот пронаоѓа нешто за кое што ќе продолжи да живее. Преку неговиот лик дознаваме многу за макотрпните животи на луѓето затекнати од светските војни, но ретко кој од нив му се покорил на светот и пуштил тешка машка солза која зад својот кристално јасен изглед криела цел мачен живот. Колку во животот треба да си самокритичен па да помислиш дека жената на твојот живот воопшто не те заслужува?

„Добра девојка најдов! Кротка, весела, угодлива и умна, не бев за неа.”

Која е таа жена која наместо да се расправа со својот пијан маж, му помага да касне нешто и да легне да спие? Тоа го може само неговата „незаслужена“ Ирина. Соколов војувал на фронтот против Германија. Поминувал денови, недели и месеци низ непознати пречки и патишта. Одлучува да пушти писмо до своето семејство, но наместо одговор од жената и децата, добива писмо од соседот кој му ја руши целата надеж и дознава дека неговото семејство трагично настрадало. Во истиот момент почнува да се гуши од тага и не знае веќе како да продолжи понатака. Како што во секое црно има и по нешто бело, така и во животот на Соколов се појавува

детето Вања кое ги изгубило своите родиели. Има вистина во тоа дека луѓето во животот среќаваат други слични на себе. И Вања исто ги изгубил родителите во војната. И покрај сето зло кое му се случило во животот, тој одбира да му се насмевне на Вања и да го прифати како свое дете. Неговата одлука била проследена со тешки солзи.

Сронетите машки солзи со текот на времето се спојуваат, настанува прво поток, па река која со своите бистри и тешки води ќе ги затрупа тешкотиите донесени од бурата наречена „живот“ со некои подобри моменти.

Наталија Секулоска IV-1

Нови генерации, поинакви соништа, нова иднина


Секој човек припаѓа некаде, вреди да се пронајде, да сфати што сака и каде припаѓа. Тоа во ова денешно време, време кога животот е веќе скроен пред нас, кога сè зависи од она што ние го сакаме, не е баш најлесно. Точно е, имаме избор, но би се согласиле дека и тој избор за нас изгледа повеќе како товар. А тој товар е ретко нешто што сакаме да го носиме со нас.

Сепак, секој еден човек припаѓа во одредена генерација. Кога би ги прашале најстарите би ни кажале еден вид на живот, би ни кажале дека ние својот живот треба да го живееме како тие нивниот, додека ако ги прашаме пак своите родители ќе ни го опишат нивниот живот, нивниот животен пат и ќе нè убедуваат дека треба да живееме како нив. Но, кога нас некој ќе нè праша како гледаме на работите, на светот, би кажале некоја сосема трета стратегија. Во тоа е разликата, секоја генерација си носи свое размислување. Секако и искуството, самиот живот. Но, сепак не треба да се предадеме на минатото, треба да градиме сопствена иднина. Лесно да се каже, нели? Секогаш ќе се стремиме кон нешто подобро, кон нешто поинакво, нешто сосем различно од она што за постарите би бил идеал. Точно е, се стремиме кон толку големи цели, но за жал не

сме свесни колку сме неподготвени. Тие соништа бараат посветеност, бараат вредности кои во новата генерација ретко се пронаоѓаат. Иднината ,воопшто, ние ја замислуваме како живот надвор од родителскиот дом , подалеку од сето она за кое тие работеле. Зошто е тоа така? Бидејќи денес речиси секое дете живее во сенката на своите родители, нивниот труд, нивниот углед, нивниот капитал. Од таа сенка токму и ја црпиме мотивацијата за сопствениот животен пат.

Сепак не можеме да гледаме толку негативно. Што ако успееме, што ако е слободата токму таму каде што се плашиме да одиме, и тоа е токму онаа иднина по која копнееме. На ова прашање има милиони одговори, но сепак останuваме со „што ако…”. Затоа сме толку различни, имаме свои ставови, но и свои стравови.

Ема Хаџи-Василева IV-1



Климентина Трпкоска

Жени лидери - успешни жени во образованието, науката и бизнисот

Во денешно време кое рапидно се развива, жените лидери ги кршат бариерите и го редефинираат успехот во различни домени. Сепак нивното патување до врвот е често полн со предизвици. Додека жените лидери уживаат одредени привилегии, тие исто така се соочуваат со уникатни недостатоци. Овој есеј ги истражува борбите со кои се соочуваат жените за да стигнат до лидерски позиции, како и привилегиите што ги поседуваат и достигнувањата на сите извонредни жени како целина.

Историски гледано жените наидуваат на бројни пречки кога се стремат кон лидерски улоги. Длабоко вкоренетите родови предрасуди, стереотипите и општествените очекувања го попречија нивниот напредок. Жените често се подложни на несвесни предрасуди, како што е перцепцијата дека се помалку наметливи или одлучувачки од нивните машки колеги.

Недостигот на женски примери и ограниченият пристап до менторство дополнително ги влошуваат овие предизвици. Како резултат на тоа, жените често мора да работат понапорно и да надминат повеќе пречки за да ги докажат своите способности и да се докажат како лидери.

Иако жените се соочуваат со уникатни пречки, тие исто така поседуваат одредени привилегии на лидерски позиции. Различните перспективи, вештините за соработка и емпатијата често се својствени особини што жените поседуваат. Овие квалитети придонесуваат за ефективно донесување одлуки и поттикнуваат инклузивни работни средини.

Дополнително, бидејќи повеќе организации ја препознаваат вредноста на родовата разновидност, жените лидери може да

добијат зголемена поддршка преку иницијативи како што се програми за менторство, женски мрежи и квоти. Овие привилегии, во комбинација со нивната компетентност и одлучност им овозможуваат на жените лидери да создадат трајни влијанија во нивните области.

Марија Кири, научник пионер и првата жена што доби Нобелова награда, служи како инспирација за аспиранти жени лидери. И покрај тоа што се соочи со значителна родова дискриминација, револуционерните откритија на Кири во радиоактивноста го заслужија нејзиното глобално признание.

Жените лидери се соочуваат со тешка битка во нивната потрага по успех, навигација низ бариерите и предрасудите вкоренети во општеството. Иако поседуваат уникатни привилегии и способности, предизвиците со кои се соочуваат бараат издржливост и решителност. Примерот на Марија Кири и други извонредни жени, нивните триумфи служат како светилници на надежта, охрабрувајќи ги идните генерации да го прифатат нивниот потенцијал и да станат катализатори за промени.

Како што рекла реномираната авторка Маја Ангелоу: „Секогаш кога една жена се залага за себе, таа се залага за сите жени“.

Тамара Трајческа, IV-1

Штедењето - чекор кон финансиска независност

Секој би сакал да биде богат. Да може да троши колку сака и каде сака. Да не мисли што му останало да потроши денес и дали ќе има доволно за утре.
Но дали некој од нас младите се обидел да штеди? Што ли е штедењето?
Дали значи одрекување од посакуваното или пак чекор кон финансиска незвисност?
Но зошто е толку тешко да се штеди?
Штедењето бара ѓаволски добра контрола на самиот себе си, а себе-контролирањето може да биде предизвикувачко. Штедењето може да се нарече и навика, а навиките бараат време и напори за да се оформат. Гледајќи наоколу забележувам работи кои немам поим зошто воопшто сум ги купила, а има толку многу значајни работи за кои требало да заштедам.
Јас, како млад човек кој зависи од своите родители би сакала да можам да влијаам на моите трошоци. Можеби преку зголемување на мојата финансиска писменост ќе им помогнам и дома. Еден заштеден денар денес можеби изгледа смешно, но гледајќи го тој износ за десет години би собрала мало богаство. Добро е да се има план за идните финансии исто колку што значи и да се знае колку ќе потрошиш денес. Никој од нас нема волшебно стапче со кое би создал вагони со пари за финансиска стабилност. Сметам дека трошењето секојдневно на скапи парчиња облека, на скап накит и на парфеми, би било одраз на плиткоста на мојата личност доколку себично би си ги гледала само своите потреби. Сепак моето семејство ме научи сè, ама баш сè. Што значи да имаш премногу, но и што би се случило доколку тоа премногу стане ништо. Парите се нежна статуа на стаклени нозе, потребен е само еден удар и веќе губиш сè што си поседувал. Мотото на моето семејство, а верувам и на повеќето во мојата татковина е:
„Работи напорно секој ден и чесно заработувај си го парчето леб!”

Јас верувам во ова мото, но исто така сметам дека доколку имаш премногу треба да дадеш малку од твојата среќа и на некој друг. Чудно е колку парите нѐ прават среќни. А што би биле без пари? Дали тоа го менува нашето јас, нашето битие, нашето постоење?Јас би рекла да, парите нѐ менуваат!

Штедењето создава финансиска слобода за нас. Учејќи да штедиме учиме како да бидеме строги кон себе си. Учиме како да имаме сѐ што ќе посакаме само дека за тоа треба трпение. Ништо не се создало преку ноќ, ниту пак нашето богатство ќе се зголеми доколку само седиме и не преземаме ништо тоа да го смениме. Верувам дека управувајќи со нашите финансии управуваме и со нашата иднина. Колку би било интересно да можам да си ја видам иднината и да видам дека почнувајќи со штедење денес сум создала империја во иднина. Јас знам дека можам да постигнам сѐ. Можам да научам да штедам, да создадам план за моите постапки и да ги остварам моите желби за финансииска независност и сигурна иднина. Би сакала некој да ме научи да штедам. Да ме научи како да направам нешто од малку пари заштедени во касичка. Дали би било подобро да научам да штедам во банка или пак да си ја користам мојата касичка од дете? Сепак би сакала да добијам одговор на овие прашања.

Да научам што е добро, а што не и лошото да го претворам во уште повеќе добро.

Штедењето денес би ме спасило од долги ноќи без спиење, од море солзи пролеани и од горки спомени без решенија на моите проблеми.

Драги луѓе би рекла дека штедењето е клучот кон среќни насмевки и полни џебови.

Штедете денес за да имате утре!

Симона Димитриеска I-7

„Да му го земеш јазикот на народот тоа значи да му ја земеш душата“ – Рацин

„Го земам твоето име како мое, а затоа ти подарувам бесмртност...“

Браќа и сестри... Мои напатени Македонци!

Народот кој говори со сопствениот јазик и со него го управува своето практично делување, секогаш ќе биде стабилен и бериќетен. Сите ние знаеме дека мислата на македонскиот народ најубаво и најмоќно звучи... на македонски!

Само со моќта на македонскиот јазик можеме одново и одново да ја оживееме жолтата гостинка кај Ленка, уште еднаш да ги преживееме тешките денови на аргатите, да ја почувствуваме секоја капка пот на тутуноберачите, сон недосонет, кошула недоткаена, младост земјосана, мугри бели ко очајнички грч и остар протест, прва изгора и каракамен на гради...

Со еден збор големиот Рацин – предодреден да стане народен трибун и ѕвезда водилка, човек-титан задоен со сите рани на родот македонски, јазикот македонски...

За нас, децата негови, јазикот е живо суштество, мајка и татко во неволја, невеста во радост и убавина, печат за татковината, сведок за народот, споменик на животот!

И во ниту еден миг не помислувајте дека јазикот е само низа мртви букви!

Секоја буква е едно име, роман, приказна, трагедија, песна, самиот живот, неуништливиот народ!

Трнлив е патот на македонскиот јазик, но да ве прашам... што му одело глатко и лесно на Македонецот?!

Го делеле, парчеле и распарчувале, ама секогаш се исправал на нозе, посилен од претходно! Така е создавана нашата душа низ вековите!

Тој е огледало за животот на оние кои овде суштествувале одамна пред нас.

А... денес, денес кога пред нас ги прелистуваме страниците од минатото, гледаме дека токму јазикот е нашето библиско свето писмо кое се издигнува пред нас како трајна градба од минатото, во која е запечатен доказот за постоењето на нашата и само наша Македонија и патоказот за иднината на секој Македонец.

Македонскиот јазик го чува кодот за тоа кои сме, од каде доаѓаме и кон што треба да се стремиме. Јазикот е коренот, душата на нашиот народ и затоа не смееме да дозволиме да се измени и уништи. А, оној кој го напаѓа нашиот јазик ни е исто толкав непријател како и оној што ја напаѓа нашата душа, затоа што да му го одземеш јазикот на народот – тоа значи да му ја земеш душата!!!

Прстот работи со прстите, раката ѝ помага на другата, горниот заб соработува со долните. Секој дел работи за доброто на целото тело!

Токму така треба да функционираме – сите ние – Македонците, ако сакаме да си го сочуваме јазикот со сета своја разноликост од дијалекти! Само така цел свет братски ќе е, а душата ќе има зошто - душа да е!

Храбар македонски народе!

Мила ни е татковината зашто само во неа сме си свои на своето, мил ни е народот зашто сме дел од него, мил ни е јазикот зашто тој е најголем сведок за нашето постоење! Само јазикот може да послужи во име на вистината!

И по стотици векови насмевката не ни е целосна затоа што нашето минато постојано се копа и прекопува, нашата историја бескрајно се менува, прекројува, заматува. Ни во сон не смееме да го дозволиме тоа!

Народ кој нема свое вчера, кој нема свое денес, не може да има ни свое национално утре.

Станете против веков проколнат што градовите ги очумаве, што чаршиите ги запусти, што уште гладни ги онеме, што сè во пепел претвори!

Затоа, до последниот здив да го чуваме јазикот затоа што сè додека живее јазикот, ќе живее и татковината, ќе живее и народот!

Да бидеме крик Рацинов на национална отпорност и народна жилавост!

Крајно време е да им овозможиме на борците кои лежат под оваа немирна македонска земја... да спијат во мирен сон!

И додека се к`ти ноќта црна, додека се рути карпа - мрак и петли в село пеат и зората се зори, силно нека светне ден!

Ден без болка!

Ден за надеж! **Сара Петкоска III-3**

Бронзен медал и диплома за освоена трета награда на натпреварот во ораторство на 56. Детски Рацинови средби 2023



Нина Нелоска

Поезија *Конески е бесмртен*

Во ладно зимско декемвриско утро,
во земја измачена, напатена,
во народ незнаен мал,
се слушна силен детски крик
Се роди нашиот великан.

Се роди јунак и поет, преродбеник наш,
надалеку се слушна неговиот глас.
Од мал пееше и твореше,
пишувајќи страсно
за маката на народот свој,
за неговиот неспокој.

Се нурна во длабочините на минатото,
ја наслика умешно сегашноста,
но градител и на иднината наша беше тој
со својот пишувачки спој.

Создаде дела за македонските маки,
напиша песни патриотски лесни.
Ја извеза „Везилка“, го напиша „Тешкото“.
Низ орото сила и борба ни покажа,
Македонизмот ни го докажа.

Постави темели на македонскиот дом,
sидаше трпеливо збор по збор.
Ноќи непроспиени, солзи безброј пролиени,
бараше формула за нашиот спас,
се слушна низ цел свет неговиот глас.

Со перо и хартија
без сила и страв
тивко во ноќи мрачни
пееше за денови мачни.


Создаде вечна исконска творба,
создаде историја и македонска граматика без борба.
Во времиња тешки и полни со грешки,
со стравови, маки и неостварени желби
создаде оружје помоќно од бомба
беше спремен за литературна борба,
напиша моќна македонска творба.

Пишуваше неуморно, се бореше храбро,
ни остави дела на кои се восхитуваме денес јавно.
Замина во вечноста како што и дојде
тивко, осамено, но не и заборавено.

Неговата бесмртност нема да прође,
вистинската чиста душа повторно ќе дојде.
Ќе живее засекогаш великанот голем,
неговиот печат никогаш нема да е оспорен.
Ќе го почитуваме и вечно ќе го споменуваме,
ќе го заштитуваме и опејуваме.

Да живее!
Конески е бесмртен!

Симона Димитриеска, I-7



Ана Дејкоска

Сништата на поетот

Од најдлабоките пори на срцето,
од најтаинствената пролет во мечтите,
се создаваат и минат пат бурен,
мислите што трагаат по светлина,
за да го разубават животот тмурен.

Со занес што буди во градите јарост,
со поетското перо што остава без здив,
магијата на црвената пролет
најточно е опишана во нив.

Нивното значење е посилно
од гласот на илјада бојни труби,
оти често се испишани од раце
со плускавици и груби.

Тоа се стихови кои умеат
да опишат и комарец и жаба,
единствено со нив истовремено
се радува и бебе и баба.

Се создаваат еднаш,
но траат подолго од век,
а нивниот чуден занес
за секој читател е лек.

Такви се сништата на поетот - рафални желби рој,
кои испишуваат стихови безброј.
Но борбата и желбата е иста:
утрешнината да ни е како сонце чиста!

Сара Петкоска III-3

Танцот на мртвите

Секоја ружа е како отворена рана,
а секоја вена на срцето има мана.
Секоја воздишка на небото, секој трепет-
Е како невидлива магла.
Секој крвав поглед,
е како суша која тишината ја слуша.

Која е таа тишина?
Која е онаа тишина која гали и милува?
Која убива и прогонува?
Секоја ѕвезда на мастилното небо сјае-
Без да знае, што лежи под покривката бела.
Под покривката бела, лежи смртта- мртвото.
Македонската праисторија легла,
во ова седло сега.
“Ох Македонијо!
Ох праисторијо! Каде ли исчезна ти?
Каде ли ги скри своите крилја?
Каде ли ги скри своите јунаци?”
Ти, како смртник на оваа почва сé прашуваш,
а таа како збогувачка песна,
ти ги пее лесно:
“Ох ти смртнику!
Ти беднику ме заборави!
Ме обесчести од моето минато.
Го угасна моето кандило за да го запалиш своето,
кога јас ги оживеав сите херои и борци на оваа земја-
само за да ја смилувам твојата иднина и слобода,
твојот јазик и говор- ти ме предаде и оддаде
на сувата почва, без да знаеш ти
дека на сувоста и е потребна Божја вода за да опстане. ”

Кој е херојот борбен?
Кој е виновникот злобен?
Празни зборови талкаат по загубеното,
и се впиваат како сунгер по обесчестеното.

Климент ги стиска своите зеници во неверување,
Методија ги обојува како снег своите дланки од гнев,
а додека Кирил листа по заборавените книги за надеж.
Узунов и Прличев пак, прават план,
да го опаметат народот збран.
Сите овие борци посакувале да ги оттргнат сцените.
Зошто? За да ги презапишат сенките.
Да го избришат бедното ропство на македоскиот народ,
и да го ослободата заборавениот глас и стих,
на јазикот македонски.
Сега, секој спасител гледа и неверува-
Што ли се случува со народот ослободен?
Народот е мртов.
Луѓето се негрижливи и себични.
Секоја ронка надеж што преживеа,
сега исчезна.
Кој ли ги кине со своите нокти страните Киментови?
Кој ли ги превртува зборовите Узунови?
Кој ли ги затвора во бездна?
Кој ли го бара клучот за слобода од таа бездна?
Кој е виновник? А кој праведен?
Можеби сите, а можеби никој.
Времето отчукува, но
моето срце не.
Моите стапки исчезнуваат, но
неговите не.
Мојот живот е прогазен, но
со него не е празен.
Духовите на историските спасители сè уште играат,
и моите движења со нивните на сувата почва танцуваат.
Сé ќе изгубам,
Сé ќе прогонам и разнесам,
освен дарбата за збор и глас,
слобода и сила- прогазена, но
никогаш исчезната.
Заборавена, но нигогаш продадена
во срцата македонски.

Ива Јованоска IV-3

Порака

Во што ли се претвори денешниов човек?
Болки непреболени, човекови страдања, детски тагувања,
изгубени невини животи и празни ветувања.
Насекаде војни за превласт, сиромаштија и вечен глад,
зарем светот се спрема за својот конечен пад?!

Секој секому гледа само остар нож во грб да му зарие,
крв црвена врела да му пролее, фамилија со болка да му залие.
Човек на човека во крволочен волк се претвори,
остри заби секој на секому во срце му зари.

Се изгуби човечноста, исчезна во вечноста.
Остана само вечна тага и свет полн со лага.
На тронот сега себичноста е бескрајна славна,
секој сака да игра улога во светот главна.

Нема мир ниту сонцето слободно грее,
во војна и страдања и птицата слобдно песна не пее.
Доста е веќе, доста е - крај!
Ни треба на земјата божествениот рај.

Дајте ни бар еден мирен прекрасен ден!
Без војни страшни, сирени гласни,
уништувачки проектили и бомби убиствени,
војници со пушки наоружени
и лица детски со крв и страв опкружени.
Ви кажувам сега грловито гласно,
доста е смрт, најстрашни болки и човекови паѓања,
светот е спремен за нови фениксови раѓања!

Нека секој секому својата рака ја пружи,
нека насекаде љубов незаборавна вековна кружи,
нека секој со секого во светска прегратка се здружи!

Заборавете на имоти со мака створени туѓи,
заборавете на религии светски, различни други!
Да се сплотиме сите во една човечка душа,
нашиот глас за мир во светот надалеку да се слуша!

На светот му треба љубов неизмерна, бистра и чиста,
оваа наша напатена планета, никогаш нема да биде иста.
Ќе створиме свет без алчност и животински гнев,
да бидеме среќни и бескрајно радосни ќе биде наш најголем грев!

Симона Димитриеска I-7

52



Паѓам во оттуѓеноста.
Вриштам и лијам солзи
за луѓе кои се глуви и слепи.

Паѓам во себе.
Барам мир во осаменоста
која е и причина за мојата пропаст.

Паѓам во изолираност.
Срушена кула од карти
која е оставена така на подот
која никој не ја собира
или ја гради од почеток

Тонам во бездна.
А можеби и уживам
во својата деструкција.



Ефа Трифуноска IV-8

Дарување

Ќе ти дадев леб.
И сол и вино.
Ќе ти дадев мека постела.
Ќе ти наберев цреши и јагоди,
Ќе ти направев пита од кајсии.
Ќе ти дадев сендвич после
летно пешачење,
лимонада после вечерно
капење.
Врел бакнеж на увото во
Мало собиче со округло
прозорче.
Топла прегратка на самрак,
На врв стокатница со слаба
сијалица.
Жежок чај сред зима
За да ме целиваш по челото,
За да ми го наместиш
креветот.
Ќе ти дадев огрев за душата
В скут да ми легнеше,
И на клупа ко мало дете
Косата да ми ја сплетеше.
Мил шепот и искра во очите
В кино да ме однесеше,
И со точакот крај езеро
Да ме повозеше.

Ќе се сетиш

Ќе се сетиш на мене
ко ќе ги видиш пролетните
цвеќиња,
ко ќе видиш нечија насмевка.
Ќе се сетиш на мене
ко ќе поминиш и покрај
слаткарница,
ко ќе видиш мало девојче со
сјај во очите,
ко ќе видиш стара жена со
торби в раце.
Ќе се сетиш на мене
ко ќе видиш да прелета
ластовичка,
ко ќе го сетиш западниот
ветар.
Ќе сетиш на мене
ко ќе шеташ крај река и ти со
торбите в раце,
ко ќе играш табла крај езеро.
Ќе се сетиш на мене
ко ќе видиш некоја со
кадрици,
ко ќе свртиш нови страници.

Наталија Танеска III-6

Сништата на поетот

Сонуваше да **постанеш поет** на немирите,
Ти мирно **дете на** свирепата **борба,**
сонуваше за куршумите што ги наводнуваат чаирите
со рафал во душата, со **пушка во рацете** пишуваше творба.

Но сништата се лажна питореска
на која во виор бурен, бледи бои се веаат,
а борбата, тажна хумореска
на која само **черепите** се смеат.

Те залажуваат сништата со своите надежни шепоти,
кога во **сините ноќи**, одбојни, неа ја бараш,
а **можеби, Таа ќе дојде** и прошепоти:
„Чуј, треба да сакаш!"

И низ сон научи сè да сакаш Ти,
и зло и јад, и дрвјата со дамари,
и сеништата и **сенките** што не даваат мир,
и оние мрачни места исполнети со **копнеж и кошмари.**

Сонуваше развиорен во името на сите нас,
на **безбројните деца на борбата,**
деца со една цел: да го урнат злото од власт
и **новиот човек** да не е само плод на вообразбата!

А сега **леташ над денот,**
занесен од убавината на вечниот сон
и спокојно се смести во Еденот,
огнолик се врати назад во својот дом.

Христина Лазеска III -1

Татковината во срцето, во душата и во мислите

Поету,ти трагачу со виолински чувства,
ти сонувачу со отворени очи,
ти кој владееш со магијата на зборот,
кажи ми верно, како се носи татковината во срце?
Воздишка тивка од гради тој пушта,
и струни нежно во ноќта и светла и темна:
„Кога трчаш бос по камења остри....
боли, а болка не чувствуваш нели....
зашто всрце имаш една љубов што ти гори
за таа земја со камења остри,
за таа твоја татковина што се вика.
Не боли кога татковината е во срцето,
Не боли кога татковината се сака со срцето,
Не боли кога татковината се носи во срцето.''

Поету, јасновидецу!
Ти кој можеш да ја оголиш сечија душа,
кажи ми како е да се има татковината во душата?
“Душата е бесмртна, дете мое!
Од дедо, прадедо,
од корен-стебло наше македонско.
Нашата душа- македонска од памтивек напатена.
Со духот наш вечен ,
ко светлина од метеор што паѓа.
Дух е тоа на борба, непокор и стремеж.
Огнен дух гори во душата твоја,
за твојата земја, татковина твоја.”

Поету, талкачу на крилјата на мислите!
Кажи ми сега каде, како се носи
татковината во мислите?
„Мислите се стрели без граници,
без копно, само воздух и облаци.
Час си ваму, час си таму.....
Час си овде, час си онде...
Можеш да си секаде, со секого.

Можеш да си никаде, со никого.

Но татковината е секогаш со тебе.
Во изгрејсонцето на твоите мисли,
кои извираат од срцето и душата.
Мислите се само твои,
татковината чиниш е само твоја.
Низ спомените за првите чекори твои,
до твојот возвишен лет .”

И на крај запамети,
Тоа што се носи во срцето,
тоа што се носи во душата,
тоа што се носи во мислите,
Тоа никој неможе да ти го земе,
тоа е само твое.
Како што е и твоја, твојата
Татковина- една Мајчевина.

Софија Милеска III-7



Сивиот човек



Кога дрвјата тагуваат
изгорени од тагата која со себе ја носи есента,
изложувајќи ја својата голотија пред очите на светот,
тагуваш и ти,
тагува и твојата душа, заробена во сопствениот затвор.

Човеку, потајно гориш ти
и твоите бели образи
кои никогаш не виделе боја.

Сивилото над твојата глава ти го заматува
и тој разум кој ти останал.

Сивиот човек со двапати помало срце,
сивиот човек кој заборавил да зборува,
сивиот човек кој заборавил да се смее,
сивиот човек кој не знае да сака,
сивиот човек чија болка без кирија живее во срцето негово,
сивиот човек кој во месечината бара утеха,
сивиот човек кој игра полноќен валцер со тагата...

Човеку, бегаш од твојата сенка,
а таа бега уште подалеку од тебе.

Ти останува само да плачеш
заедно со голите дрвја од твојата градина.

Кјара Лазаревска IV-1

Сништата на поетот

Желби големи, сништа неостварени,
песни испеани, но никогаш незаборавени.
Ти беше малечок поет, со визија света
живееше во погрешно време, во војна тешка и клета.

Да се биде дете во време на војна,
да се сака слобода за земјата стројна,
да се биде борец во години златни,
да спасуваш животи на стари и млади.

Твојот поетски глас насекаде се слушна,
беше погласен и од најгласната пушка,
низ летоци и песни во улички тесни,
низ градови поробени и луѓе избодени, заробени.

Пишуваше за слобода и народот свој
за него се бореше, за неговиот неспокој.
Умираше и пееше за земјата своја,
слободата нејзина беше неостварена желба твоја.

Со последниот здив ти пееше за слобода,
да видиш полиња зелени и птици во слободен лет,
да видиш народ насмеан, а не во прокоба,
непоробен од непријател клет.

Твојата желба се оствари
поете за слобода жеден,
те славиме и денес,
ти за нас си подарок највреден.

Симона Димитриеска I-7

Наградени творби

Татковината во срцата, во душите и во мислите

Земам хартија и лист,
а не знам - достојна сум ли?
Јас, која поет не сум,
ќе го пренесам ли добро
она што ми лежи на ум?

Срцето во мојата Татковина најсилно ми чука
и токму затоа сум тука.
Во неа е судбината моја,
ја сакам како мајка своја.

Само во неа го наоѓам потребниот мир,
било во планина, пред река или езерска шир
и слободно само тука секоја мисла ја делам
за сè наоколу што гледам.

И небото и водата што во неа се споиле
убавина за сечии очи скроиле.
И сè што наоколу се слуша,
дава спокој за сечија душа.

Љубовта кон неа е толку мила,
ја сакам со сета сила.
И не дозволувам никој да ја скрати
мислава моја што секаде ја прати.

Големината е во нашата сила,
со која ја чуваме Татковинава, Македонија наша мила.

Сара Петкоска III-3

Прво место во категоријата автори од 13-18 години на 4. Детска манифестација „ДЕТСКИ ГЛАСОВИ 2023”

Овената роза

„Ќе направам кафе“ – си реков,
а кафето ми се олади,
додека те чекав да се вратиш од патот
за кој мислев дека има назад.


Ми вети ќе се вратиш...
Ми вети дека нема да ме оставиш да копнеам
по очите кои уште ме прогонуваат.
Ми вети дека ако ти напишам писмо,
ќе ми вратиш со бакнеж и твој мирис
заробени во ковертот кој ќе стои до мојот кревет.

Ми вети дека ќе ми донесеш од најубавите овошја
за кој беше сигурна ќе ми станат омилени.
Ми вети дека нема да ме оставиш сам,
заробен во sидините на нашата љубов,
но залудни беа твоите ветувања сакана.

Ти го слушам смеењето во секој осамен час,
ти го слушам гласот во хармонија, како оние на Бетовен.
Ти го гледам белото лице во секоја слика
која толку многу се трудам да ја заборавам.

Сѐ уште го мирисам твојот парфем
од ванила на мојата кошула...
Ме прогонуваш, не можам без тебе!
Кажи ми како!?
Како да се гледам во огледало и да се каам себеси!?

Да ми речеше дека ќе се спасиш
и да ме направеше најсреќниот човек на целиов свет!



И еве... пусто се шетам по твојата градина,
сакам да ти донесам рози.

Жалам ангелу мој непроболен,
твоите рози овенаа заедно со твојот живот.

Кјара Лазаревска IV-1

Награда за МЛАД ТАЛЕНТ ЗА ТВОРЕЊЕ на 4. Детска поетска манифестација ,,Детски гласови 2023“

Да му го земеш јазикот на народот тоа значи да му ја земеш душата“ – Рацин

Од дамнини и тешки бремиња
низ секакви невремиња,
со многу жртви оставени,
со раце од пишување раскрвавени,
писатели наши вечни мака мачеле
над книги и списи плачеле.

Над нив е крикот на Рацин - проповед на јазикот,
И болката на Рацин - безизлез, но и восклик,
заедно ни дариле белег од дамнини создаден стар,
ни дариле вечен неуништлив дар,
ни дариле јазик и азбука,
ни дариле на сите наука.

Јазикот - голема сила на народот,
чудовишен континуитет на народна жилавост,
јазикот - тежок и страшен бол,
јазикот - мајчин неисплакан долг.


Долг кон нашата златна Татковина,
долг кон целата ни родина.

Без јазик сме незнаен народ,
без јазик сме никој и ништо.
Ако јазик немаш, ни душа немаш,
ако душа немаш, не постоиш.
Ех, Рацине, задоен со сите рани на родот македонски,
Ех, Рацине, човек со душа и има зошто душа да е.

Чувајте го јазикот наш насушен, чудо најсвето!
Чувајте го од сѐ што е клето, проклето!
Чувајте го со силна и неизгаслива страст,
да биде нашиот вечен спас!
Чувајте го и Рацин – трибунот на јазикот наш!
И стихот Рацинов секогаш нека диши меѓу нас!

Симона Димитриеска I-7

Бронзен медал и диплома за освоена трета награда на литературниот конкурс на 56. Детски Рацинови средби 2023 г.



Наградени ученици на литературниот конкурс по повод Патрониот празник 2022г.

***

Само горам.
Само догорувам.
Низ ходниците на срцето твое
И светот можам да го
покорам.
Во соништа отсонувани
По којзнае кој пат.
Ко ѓаволот прогонувани,
Те допирам пак.
Те проколнувам и те
возвишувам,
А ти повторно молчиш.
Ти се надевам безгласно,
А ти повторно молчиш.
Два елоквентни зборови
Често изговорени.
Ко љубов претставени.
А името за болка
најблагодарно
во твојата глувост,
најдомородно.
Верноста моја подарена,
Под нозе згази ја.
Гордоста моја предадена
во ненавист преобрази ја.
Гори мислата
Што в гради се слизнала
За седефните погледи,
Остро пронижани
Која за навек ќе ја чувствувам.
А душата моја
Ко застојана плима на
илузорна среќа,
Ко гнездо на лаги кои
светлината ја чекаат.
Празнотијата ми го мати
видот,
Го обзема вечното мое битие.
Патувајќи меѓу две паралелни
времиња,
Сер губам себеси тебе да те
најдам,
Се проколнувам себеси со
мака.
Затоа што ти си таму,
А јас овде,
Заглавена во монотонијата на
познатото-
Вечното засолниште
За стравот од непознатото.

I-место

Ангела Србиноска IV -5

Надеж

Вресок на молкот
го задуши со парадоксот
на твоите воздишки...

Сцинтилациите на твоите тонови
Ја исполнија шуплината во воздухот
Додека јас тонам подлабоко
Во прегратките на твојот апсурд.

Го искорени калемот од мојата душа,
Именувајќи ја секоја гротеска- божество.
И моето лице, премачкано со старост,
Го облагороди со орден.

Танцот на твојот пулс го чувствував
И кога исчезнуваше ликот твој во далечините,
Но тука си, паразитираш во вениве мои,
а јас ни сенката не ти ја гледам.

Се кријам во твоите интригантни илузии
Зад кои клокоти виорот на сопствениот хаос,
Зашто крајот на нашето рандеву'
е почеток на непрооден егзодус.

Венеам по секоја капка солза,
кришум крадам парче надеж
додека од очите налеваш катраносано мастило
врз мојата бесконечност.

О, беднику, ти што ја диктираш
солта која ги напојува образиве мои;
со мене умираш, а без мене те нема.
Замолчи, обезличи ме.
Замолчи, лиши ме од болка.
Замолчи, секни ги лагите.
Замолчи, проклет да бидеш.
Замолчи, куртули ме!

II- место

Марија Наумоска III-8

На патронот

Секојдневно поглед сретнувам твој
На плоштадот од градот роден мој
Спроти тебе твојот духовен брат
Што верно те следел на божјиот пат.

Ученик, даровит на светите браќа
Климент на должност света, божја се нафаќа
Да продолжи нивното дело
Меѓу други луѓе, свои,
Да ги учи на слово свето,
Да ги учи писмо свето,
Да пишува книги свои,
Да прослави вера света.

Во времиња зли над родот мој што се свиле
Кога облаци црни од неверници клети
Посакале да исчезне народ, да исчезне писмо
Да исчезне се што многу свето било,
Тој, народ свој го стави под закрила своја
Милостив беше кон чедата свои.
Со благослов божји и лек им најде
И овошки да калемат им даде.

Непоколебливо, без страв од волци клети
Без сон на очи го чуваше гордо
Делото на своите учители салвни
И сам создаде училиште ново.

Богатсттвото за него беше вредно,
Но, богат со правеа неговите чеда
Што во него учител светец, мудрец гледаа
И чекорот негов будно го следеа.

Охриѓани велат: тој тука е вечно
Меѓу секој од нас со дело и дух.
Затоа го славиме вечно името на Климент,
На патронот, заштитник наш.

И денес ветрот го шепоти неговото име
И далгата одзвонува со неговите дела.
Во езерски води ликот Климентов се взира
Јас горд следбеник негов ќе бидам.
О Клименте!
Вечна ти слава!
Те следиме ние,
Со гордо крената глава!

III-место
Петар Зиврев I-8



Наградени ученици на литературниот и ликовниот конкурс по повод Патрониот празник 2023г.

Извадоци од краткиот расказ **„Крокус”**

Се наоѓав во рајот кој беше отсликан на улицата во Рим, а сепак- сé чувствував како да сум во најсуровиот пекол кој некогаш би постоел.

***

Бев помеѓу видливото и невидливото, реалноста и имагинацијата, животот и мртвото. Солзите кои се прелеваа како охридски бисери на моите образи го потопуваа мојот волнен шал со брзи, но сепак толку бавни движења, а моето тело постануваше вкочанета силуета во снежниот самрак.

***

Уште од мало дете сонував дека последниот пат кога моите стапки ќе заминат од овој замислен рај ќе биде со насмевка на моето кршливо лице, диплома замотана во црвена тантела во мојот скут и гледајќи во меките и пердувести облаци како формираат разновидни форми- како да се обидуваат да раскажат некоја приказна. Но сега, наместо насмевка, моите розеви образи сега се красат со водени реки, наместо диплома во мојот скут лежи едно мало и стуткано писмо полно со бодеж и празнина.

***

Дозволете да ви раскажам за мојата приказна, каде еднаш во минатото се пронаоѓаше едно мало девојче кое замислуваше дека поседува сé на овој креиран свет, само за да дознае дека понекогаш треба да го изгубиме она што го милуваме за да можеме да ја разбудиме вечната хармонија и драгоцена надеж која се прикрива и во најмалите места.

I-место

Ива Јованоска IV-3

Климente - светост на мојот град

Над ридот од камен ладен сив и карпи остри до езеро бистро сино,
по сокаци тесни калдрмести мали, ветрец јужен што ги гали,
се издига исконски град, низ векови чуда и магии што прави,
и името твое илјадници години непрестајно го слави.
Охрид е лулка на твоето творештво и твоето време,
Охрид е живописна слика, Климente славен на твоето бреме.
Шумолат златни есенски лисја што ги гали ветрец,
патувам сега низ долгогодишен временски теснец.
Тивко во ноќта црна, ти подавам покорно рака,
твојот лик и твоето безвременско дело
да го допрам вечерва од срце најмногу сакам.
Над твојата глава од дамнини и стари времиња свеќата запалена тлее,
над твојот гроб и денес ученик се моли и неуморно бдее.
Си творел за народот беспомошен во Охрид пред многу лета,
си проповедал и ширел писменост света, во тиранија безмилосна клета.
Си учел за азбука света наша, што надежта полека, но сигурно ја враќа,
си учел од најдобрите вековни и знајни солунски браќа.
Во затворски ќелии, темни, ладни и мрачни
си поминал денови тешки, јадовни и мачни.
Тирански измачуван, изнемоштен и болен на Бога си се молел,
да ти даде херојска сила за продолжување на азбуката наша најмила.
Крвави букви една по една, сите ко пчели в сладок рој,
така се учел тој прекрасен милозвучен спој.
Од твоите раце писмеността и јазикот се издигнале,
книгите и списите неписменоста победена, во длабока бездна ја пикнале.
Низ векови долго ќе трае, твојата духовна борба
за конечно да создадеш и вешто да напишеш македонска творба.
И денес како и некогаш се радувам и пеам кога за тебе учам,
За твојот лик и дејност, сакам повеќе да научам,
научив да читам и пишувам благодарение на тебе Светителу наш,
Ти вербата за подобро утре во мене ја зајакнуваш.

Твојата човечка вредност ја носам и денес во себе,
Ти верувам беспрекорно дека ќе ме издигнеш на пиедестал како тебе.
Да биде човек над човека со срце на лав, секој сака,
но тоа да го постигне не може без ниедна мака.
И денес овде го славиме името безвременско твое,
го чуваме пишаното Климентово библиско дело како свое.
Ти си патронот кој го чува нашиот стар и вековен град,
Ти си светлоста што го штити и украсува нашиот плоштад,
исправено и гордо кон тебе ја подавам својата рака,
да Ти честитам за постигнатото и создаденото сакам.
Слава Ти!!!

II-место
Симона Димитриеска, I-7

Чекор низ светиот сон


Чекорам низ времето, чувствувам како душата ми трепери слушајќи тивок и мил глас кој ме довикува. Шепот кој како музика си поигрува со моите уши и ми ја поматува свеста. Ветар исполнет со топлина како да ме носи кон свето место. Место каде некогаш горела свеќата со бескрајно светол пламен. Пламен на писменоста.

Веднаш ги отварам очите, но како тие да не сме мои. Наеднаш започнува да бие Климентовиот глас во моето срце. Ја впивам секоја негова нота, плашејќи се дека ако трепнам ова блаженство ќе биде украдено од мене. Се наоѓам во IX век - век на мрак и неписменост. Насекаде околу мене се наоѓаат маченици, болеста почнала да царува, смртта исправено чекори и ги соборува кутрите несреќни души. Со свеќа да бараш писмена душа нема да најдеш. Но, ене го доаѓа блажениот Климент. Свети како златозрачно сонце во мрачниот деветти век. Со своите зраци ја огрева нашата земја. Гледам како рацете ги пружа кон својот народ, а тие го гледаат со


надеж во очите и секој негов збор им се врежува во потсвеста. Душата им ја исполнува со својата светлина. Не знам само дали знаат каков човек стои пред нив. Ги учи на добри дела, на милостина. Со своите раце им го подава клучот на небесните врати, а тие само треба да ја следат неговата сенка. Тој премудар старец очите ги остава без сон, а своето изнемоштено тело без одмор. Буква по буква ги учи младите, а свеќата на писмеността почнува сè повеќе да гори. Облагородува и оплеменува со своите дела, кои ноќе ги пишува и преведува. Сака луѓето да ги оттргне од светот на незнаењето, влевајќи им доверба за подобро и посветло утре.

Ех да ја имав целата моќ на овој свет да го земам од таму и повторно да го донесам денес меѓу нас. Не постои начин како би му се заблагодариле на овој свет творец и да му ја изразиме нашата неизмерна почит. А, денес заслужено го носи ореолот над неговтата глава кој никогаш нема да ја изгуби својата светлина. Стои гордо и исправено свртен кон езерото чија бистрина и убавина се слева со неговите безвременски дела исто толку величествени, а ние гордо треба да се сеќаваме на него, да го воспеваме и величаме.

III-место
Ана Голабоска IV-1



I-место
Ангелина Бошкоска III-7




II-место
Михаил Велјановски
I-5



II-место
Елеонора Јосифоска I-6



III-место
Верица Танковска IV- 1



III-место
Софија Милошевска I-7



„Еден чоек шчо
не сиа милвит
таткојната
не можит да
бидит чесен
чоек“
Григор Прличев